Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-129/5
02-03-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), во врска со поднесената претставка за заштита од дискриминација бр. 08-129 од 27.01.2023 година од страна на [redacted] од Велес, за извршена дискриминација од страна на Собранието и Владата на Република Северна Македонија врз основ на пол, род и попреченост во областа на социјална сигурност при остварувањето на права од пензиско и инвалидско осигурување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 02.03.2023 година го донесе следниов:

## ЗАКЛУЧОК ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Се запира постапката за заштита од дискриминација** поднесена од [redacted] од Велес, за извршена дискриминација од страна на Собранието и Владата на Република Северна Македонија врз основ на пол, род и попреченост во областа на социјална сигурност при остварувањето на права од пензиско и инвалидско осигурување, **по барање на подносителката**.

## Образложение

На 27.01.2023 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, примена е претставка бр. 08-129 поднесена од [redacted] од Велес, за извршена дискриминација од страна на Собранието и Владата на Република Северна Македонија врз основ на пол, род и попреченост во областа на социјална сигурност при остварувањето на права од пензиско и инвалидско осигурување. Во претставката таа наведува дека се чувствува обесправена и дискриминирана при остварувањето на нејзиното право за стекнување на пензија со оглед дека речиси 12 години работела во фирма која отишла во стечај, а таа како мајка на дете со интелектуална попреченост не можела да ги одработи потребните дополнителни 3 гоини работен стаж за да го оствари законскиот минимум за стекнување на правото за пензија, за разлика од други лица како што се кориниците на социјални пензии кои користат право на пензија без притоа да им се бара минимум работен стаж како и родители на четири деца, кои по тој основ го остваруваат тоа право. Подносителката дополнително смета дека е ставена во понеповолна положба во споредба со граѓани чии фирми отишле под стечај, но имале право сами да ги го доплатат стажот и да остварат право на пензија.

На 09.02.2023 година, согласно член 24 став 2 од Законот, Комисијата писмено ја задолжи подносителката да ја доуреди претставката согласно пропишаните задолжителни податоци што треба да ги содржи истата.

На 27.02.2023 година, подносителката испрати допис бр. 08-129/4, во кој наведе дека ја повлекува поднесената претставка со оглед дека ПЕ на Министерството за труд и социјална политика ја известиле дека кко мајка на дете со посебни потреби, има право на користење на посебен социјален додаток до крајот на животот.

Согласно член 27 став 7, доколку подносителката одлучи да ја повлече претставката пред или во текот на постапувањето, Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката, како што е наведено во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател

Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. Архива на КСЗД